# I тема: Класични јазици

## I.3 Писмо. Видови писма.

Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

Изготвил: Ненад Начковски





# Што е писмо?

- Писмо претставува состав од графички знаци со кои се бележат делови од еден јазик (зборови, слогови и гласови).
- Уште од предисторијата човекот имал потреба комуникацијата преку усниот говор некаде да ја зачува за да не се заборави. Така тој создал „видлив јазик“ со знаци наречен писмо.
- **За најстаро писмо во светот се смета сумерското клинесто писмо, кое настанало во Месопотамија, во Сумер, околу 3100 год. пр. н.е.**

**Сумерско клинесто писмо на глинена плочка**



Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

# Месопотамски цивилизации






Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND





# Видови писма. Пиктографско писмо.

- Најстариот облик на писмо се нарекува **пиктографско** или **сликовно писмо**. Сликовното писмо се состои од слики, цртежи или знаци наречени пиктограми.
- Знаците на пиктографското писмо се викаат пиктограми. Со нив се означуваат предмети и појави што човекот може да ги доживува сетилно.
- Многу писма биле пиктографски во далечното минато како што се сумерското, вавилонското, египетското, старокинеското, ацтечкото, мајанското и др.



**Месопотамски пиктограми кои подоцна се видоизмениле во клинести знаци**

**Египетски пиктограми кои подоцна се упростиле во стилизирани знаци**

**Кинески пиктограми кои подоцна се упростиле во стилизирани знаци**

Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND





# Идеографско писмо

- Напоредно со развојот на пиктографското писмо се развило и **идеографското писмо**.
- Со идеограмите се означуваат мисли и чувства на човекот, симболични претстави, значи нешто што реално не може да се согледа со сетилата.
- Речиси сите древни писма биле идеографски, поради потребата од прикажување на идеи.




**Египетско хиероглифско писмо со наведени пиктограми и идеограми**

Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND





# Фонетско писмо

- **Фонетското писмо** се смета за усовршен вид на писмо во кое важи правилото *еден глас – еден знак* или *еден слог – еден знак*.
- Фонетското писмо се јавува во два вида:
- 1. **Фонетско-слоговно**. Во овие писма со еден знак се бележи еден слог. Такви писма се древното микенско грчко писмо (Линеар Б), јапонското, кинеското, асирското, вавилонското, хиндустанското и др.
- 2. **Фонетско-гласовно**. Во овие писма со еден знак се бележи еден глас. Такви писма се феникиското, грчкото, латинското, глаголското, кирилското.





Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

Речиси секоја буква денес има свој историски предок. Научниците кои ги истражуваат древните писма се нарекуваат **палеографи**, а науката **палеографија**.




Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски

# Различни видови на фонетско-гласовни писма



Феникиско писмо
(прво фонетско-гласовно писмо)




Грчко писмо
од време на старите
Хелени




Латинско писмо
од време на старите Римјани

Кирилско писмо
на црковнословенскиот
јазик



Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

# Да повториме што научивме денес!



- **Што е писмо?**

Писмото е состав од графички знаци со кои се бележат делови од еден јазик.

- **Кое е најстарото писмо во светот, каде настанало и во која година?**

За најстаро писмо во светот се смета сумерското клинесто писмо, кое настанало во Месопотамија, во Сумер, околу 3100 год. пр. н.е.

- **Од што се состои пиктографското писмо?**

Се состои од слики, цртежи или знаци наречени пиктограми.

- **Има ли разлика помеѓу пиктографското и идеографското писмо**?

Има, во значењето на знаците. Со сликите на пиктографското писмо се претставуваат реални предмети/појави, додека со сликите на идеографското писмо се изразуваат мисли и чувства, симболични претстави.



Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

# Да повториме што научивме денес!



- **Во кое од трите видови писма спаѓа македонската кирилица, во фонетски, идеографски или во пиктографски писма?**

Во фонетски писма.

- **Кое е првото фонетско писмо?**



Феникиското писмо.

- **Ако кирилицата е азбука, што е латиницата, а што грчкото писмо според првите букви?**

Латиницата – **абецеда**, грчкото писмо - **алфабета**.

- **Со што се занимаваат палеографите**?

Палеографите се занимаваат со истражување на древните писма.



Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

# Домашна задача:
# Изработка на истражувачки труд

- **Направи истражување (истражувачки труд).**

Истражи за настанувањето на грчкото писмо и на латиницата. Побарај податоци на интернет.

- **Отвори ја програмата Мајкрософт Ворд (Microsoft Word).**

Напиши наслов *Потекло на грчкото писмо и латиницата* со големи букви. Напиши или вметни текст и уреди го текстот да биде читлив и јасен внимавајќи на правописните правила. Покрај текстот вметни фотографија или слика со грчко/латинско писмо како илустрација на истражувањето.

- **Запиши го твоето име, презиме, одделение и паралелка. Потоа наставниот предмет со кратенка ККЕЦ и менторот, односно наставникот. Сето ова се пишува во долниот десен агол.**



Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND